До
ИСОС на РСМ

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ПЛАН ЗА АКТИВНОСТИ И ГЛАВНИ ЦЕЛИ

Согласно целите и стратегијата за која се залагаме ко сметководствена фела во рамките на Р.Македонија од мој аспект а врз база на долгогодишни анализи и консултации со колеги дојдов до мнение дека во рамките на оваа програма приоритетите на секој сметководител да ги ставам во неколку точки редоследно:

1. **Сузбивање на нелојална конкуренција** – во контекст на ова во план е остварување на средби со директорите на основните органи поврзани во делувањето на секој сметководител а се мисли на Централен Регистар на РМ и Управа за Јавни Приходи на РМ.Поставување на системите во кои поднесување на пријави ке се овозможи само за лица кои ги исполнуваат условите за тоа.
2. **Воведување на тарифник** со цел за подобрување на услугата од страна на сметководителите,кој тарифник ке се направи од страна на посебна Комисија за тоа формирана во рамките на органите на ИСОС и врз база на консултација со правни експерти за воведување на истиот без несакани последици по стопанството
3. **Едукативни семинари** во кои ке се повикуваат и странски експерти претежно од блиското соседство со цел за усогласување и увидување на понапредни решенија за усовршување на сметководството како професија во Р.Македонија
4. **Усовршување на електронската услуга** за пристап на секој сметководител во базата на ИСОС и овозможување на брзи и рационални решенија на основ прашања од сметководителите т.е. зближување во смисол на помош од стручен и секаков аспект кој го засега сметководителот
5. **Усогласување во делот на членарините** и додефинирање во законското решение,имено да се регулира статусот на членарините и нивната висина
6. **Превод на МСС** врз база на учество со финансиски средства од ИСОС и финансиски средства од Владата на РМ и нивно имплементирање преку обуки и семинари организирани од страна на ИСОС
7. **Формирање на посебна комисија за заштита и поплаки** од одредени нерегуларности во рамките на делувањето на сметководителите и овозможување на брз пристап на истата до проблемот и ефективно решавање во најкратки рокови
8. **Активирање на подружниците на ИСОС** со избор на нивни претставници и овозможување на нивни полесен пристап до сметководителите во поглед од организационен и консултативен аспект

9. **Покренување на иницијатива за регулирање на Континуираното Професионално Усовршување** преку изготвување на најсоодветна програма која ќе ги задоволи и потребите на сметководителите но и потребите на државата од аспект на стручност и компететивност на секој сметководител пред и се во подготовката на извештаите кои се битни суштествени за економијата во државата
10. **Прочистување на списоците на овластени сметководители и сметководители** преку сеопфатна проверка и контрола на архивираната документација

- Програмски цели и активности за цела 2023

Од почетокот во рамките на ИСОС првите чекори на делување ќе бидат во поставувањето на здрави темели од организационен аспект и покренување на активности за остварување на погоренаведените цели.Имено прв чекор на делување ќе биде поставување на основа за заштита на сметководителот како единка да го има соодветното овластување во органите каде поднесува извештаи и пријави во смисол само тој да ги има правата кои му се загарантирани со закон т.е. да не се дозволи доставување на извештаи и пријави од лица кои не ги исполнуваат условите за тоа.Сето ова ќе се направи со сеопфатна обсежна соработка со установите како УЈП и ЦРМ.
Понатаму како приоритет за 2023 година ќе ми биде сеопфатна и конструктивна изработка на евентуален Тарифник и негова имплементација со запазување на секој норматив.напоредно со овие основни приоритети ќе се настапи во оваа година и со едукативни семинари за приближување кон фелата а се со цел да се стекне довербата во овој орган дека истиот ќе работи за целите на сметководителите а не против нив.
Во рамките на овие активности исто така ќе се преземат под итно мерки за усогласување на програмите за КПУ по сите стандарди и барања на сметководителите се со цел за понатамошно професионално усовршување
Активирањето на подружниците е предвидено да се заврши во периодот до 3 от квартал од 2023 со цел за поголема достапност до органите на ИСОС и поголема транспарентност.
Прочистувањето на списоците на овластени сметководители и сметководители ќе биде долготраен процес кој би го опфатил периодот од почетокот на Септември 2023 па се до Септември 2024 година

- Програмски цели и активности за цела 2024

На почетокот на оваа година ќе се оди кон активности за утврдување на соодветен износ за членарини кои треба да се уплатуваат на сметката на ИСОС и тоа врз база на претходната 2023 врз база на усогласување на податоците за работата за таа година на ИСОС.
Ќе се преземат мерки за регулирање на статусот на побарувањата по основ на членарините и нивната оправданост.
За оваа година е предвидено и усогласување на приоритетите кон обезбедување на превод на МСС за која намена ќе се планираат средства издвоени од буџетот на ИСОС се разбира со барање на финансиска поддршка и од Владата на РМ. Предвидено е избор на правно лице кое ќе ја овозможи оваа услуга на наједноставен и најдостапен начин за подобрување на професијата во контекст на усовршување на истата по светски стандарди и со самото тоа и овозможување на одредени колеги кои имаат амбиции за настап на странски пазар истата да им се овозможи со членството во ИФАК.

Во текот на 2024 та година е предвидено и формирање на посебна Комисија за поплаки и проблеми,која ке работи експедитивно на барањата и ке овозможи сервис на Сметководителите кој би бил насочен кон единствена цел а таа е заштита на интересите на истите.

- Програмски цели и активности за цела 2025

Во рамките на оваа деловна година е предвидено доколку претходно наведениве точки на приоритети се извршат на најперфектен начин да се оди кон продлабочување на соработката со институциите од ваков тип ко нашиот и  со соседството,имено одржување на заеднички семинари со колегите од Србија,Албанија,Бугарија и Грција и усогласување на потребите за понатамошни конекции и црпења на лоши и добри искуства. Тоа ке бара деловни патувања и средби со одговорни лица и поставување на конекции со цел за приближување на одредени приоритети и зближување на фелата од соседството.
За оваа година се предвидува и воспоставување и контрола на електронската архива во ИСОС и анализи на на работењето на претходните години од неговото основање и анализи на одредени Извештаи кои се достапни а има сомнежи за одредени пропусти од било каков аспект.
Како и секоја деловна година и во оваа ке се работи паралелно и на изведување на најоптимална суштествена програма за КПУ и отворање на дебатни настани за часовите за КПУ и оправданоста на истите од законски аспект.

- Програмски цели и активности за цела 2026

За оваа година е предвидено отворање на повеке јавни дебати ширум државата обезбедувајки масовна посетеност и усогласување и ислушување на потребите на сметководителите во поглед на одредени недостатоци од законски и останат аспект.Суштината на овие трибини би биле понатамошно усовршување на законските решенија кои не засегаат со единствена цел за олеснување на нашата работа ко сметководители и овозможување на приоритети за полесно функционирање на ИСОС ко заштитник на фелата.
Понатаму врз база на аргументирани барања ке се пристапи кон барања до соодветното Министерство во Владата на РМ со цел за отворање на дебата за подобрување на законските одредби со цела за нивно понатамошно имплементирање

Подносител: Васе Коцев

_______________________

22.03.2023 Кочани